| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3. | **Закон** за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија за соработка на полето на заштита од природни и други несреќи.......... | **44** |
| 4. | **Закон** за ратификација на Спогодбата за РАКВИАК - Центар за безбедносна соработка............................................... | **78** |
| 5. | **Закон** за ратификација на Спогодбата за научна и технолошка соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора.......................... | **106** |
| 6. | **Закон** за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора за соработка во областа на образованието...... | **115** |
| | **Огласен дел**......................................... | **1-48** |

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**233.**

Врз основа на член 190, став 4 и член 131 став 11 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95 /2005, 25/2007, 7/2008 и 57/2010 година), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, на седницата одржана на 24.1.2011 година, донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА НА МЕСЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОВЛАСТЕНО ПРАВНО ЛИЦЕ СО ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ“ БР. 6/2007)

Член 1

Во член 3 став 1 од Правилникот за содржината на месечниот извештај за работењето на овластено правно лице со дозвола за работење со хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 6/2007), бројот „15“ се заменува со зборовите: „пет работни дена“.

Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето и истиот ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

Член 3

Овој Правилник е од времен карактер и истиот ќе започне да се применува со доставување на месечниот извештај за месец јануари 2011 година.

Бр. 03-132/2 Комисија за хартии од вредност
24 јануари 2011 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
**Марина Наќева-Кавракова**, с.р.

---

**234.**

Врз основа член 100, член 94, член 99 и член 190 став 4 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008 и 57/2010 година), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, на седницата одржана на 24.1.2011 година, донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КАТЕГОРИИТЕ НА СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА И НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ И СТРУКТУРАТА НА ВЛОГОВИТЕ ПРИ ОСНОВАЊЕ И СРЕДСТВАТА ОД АКТИВАТА НА ОВЛАСТЕНО ПРАВНО ЛИЦЕ СО КОИ ТРЕБА ДА РАСПОЛАГА И ВО КОНТИНУИТЕТ

Член 1

Во член 5 став 1 од Правилникот за утврдување на категориите на сопствени средства и начинот на пресметување на износот и структурата на влоговите при основање и средствата од активата на овластено правно лице со кои треба да располага и во континуитет („Службен весник на РМ“ бр. 150/2010), по алинејата 2 се додава нова алинеа 3 која гласи:

„- средствата од уплати во Гарантниот фонд, формиран од страна на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.“

Алинеите 3, 4, 5, 6, и 7 стануваат алинеи 4, 5, 6, 7 и 8.

Член 2

Во член 14 став 1 од Рравилникот зборовите: „15 дена“ се заменуваат со зборовите: „пет работни дена“.

Член 3

Во член 17 зборовите: „од 1.7.2011 година“ се заменуваат со зборовите: „со доставување на извештајот за сопствени средства (образец СОПЛ) за месец јануари 2011 година“.

Во член 17 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Рокот за усогласување со овој правилник е заклучно со 1.7.2011 година“.

Член 4

Овој Правилник е од времен карактер, влегува во сила со денот на донесувањето и истиот ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 03-138/2 Комисија за хартии од вредност
24 јануари 2011 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
**Марина Наќева-Кавракова**, с.р.

---

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**235.**

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ” бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за катастарската општина Сингелиќ 2 - Општина Гази Баба.

Катастарот на недвижности ќе се применува од 16-тиот ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија”.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за КО Сингелиќ 2, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ” бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-1214/2
27 јануари 2011 година Директор,
Скопје **Љупчо Георгиевски**, с.р.